Број на Службен весник:/
Датум на објава на Службен весник:/
Број на одлука на Уставен суд (У.бр.):/

# ЗАКОН ЗА КОНСОЛИДАЦИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ

( „Службен весник на Република Македонија“ бр. 187/13, 61/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21)

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Предмет на уредување

**Член 1**

Со овој закон се уредуваат постапките за спроведување на консолидација на земјоделското земјиште.

Супсидијарна примена

**Член 2**

На постапката за консолидација се применуваат одредбите од Законот за општа управна постапка ако со овој закон поинаку не е одредено.

Враќање во поранешна состојба и обнова на постапката

**Член 3**

По завршување на постапката за консолидација не е дозволено враќање во поранешната состојба и обновување на постапката.

Консолидација на земјоделско земјиште

**Член 4**

(1) Под консолидација на земјоделското земјиште се подразбира групирање и окрупнување на земјоделското земјиште во насока на создавање на поголеми земјишни парцели и површини со по правилна форма.

(2) Консолидацијата на земјоделското земјиште покрај окрупнувањето може да вклучува и операции на уредување на земјоделското земјиште заради обезбедување на пристап на земјишните парцели до систем за наводнување, патна инфраструктура и уредување на границите на земјишните парцели.

(3) Консолидацијата се врши во согласност со Просторниот план на Република Северна Македонија и генералниот урбанистички план на општината на чие подрачје се спроведува консолидацијата.

Цели на консолидација

**Член 5**

(1) Поголемите земјишни парцели добиени со процесот на консолидација треба да овозможат унапредување на земјоделското производство, поголема обработка на расположливото земјоделско земјиште, постигнување на поекономично производство и

примена на посовремени агротехнички мерки.

(2) Консолидацијата на земјиштето се врши заради:

а) спојување на помалите земјишни парцели во поголеми просечни парцели;

б) создавање на земјишни парцели со правилна геометриска форма;

в) пристап на земјишните парцели до патна инфраструктура и системите за наводнување;

г) реорганизација на земјишните парцели каде што при изградба на инфраструктурни инвестиции како хидромелиоративни системи, насипи, канали, вештачки езера или уредување на водотеци се предизвикува уситнување на постојните земјишни парцели и нарушување на патната и мелиоративната мрежа;

д) обезбедување на земјиште за проширување на заштитени подрачја и

ѓ) пошумување на земјиште со послаб квалитет или загадено земјиште и примена на агротехнички мерки.

Дејност од јавен интерес

**Член 6**

Консолидацијата на земјоделското земјиште е дејност од јавен интерес.

Консолидационо подрачје и консолидациона маса

**Член 7**

(1) Консолидацијата се врши за определено консолидационо подрачје.

(2) Консолидационото подрачје опфаќа земјиште на подрачјето на заокружена географска целина дефинирана со една или повеќе катастарски општини, или во одредени случаи, дел од катастарска општина во која постојат доволен број на земјоделски стопанства со неповолна земјишна структура на мали и фрагментирани земјишни парцели кои ги оправдуваат трошоците од процесот на окрупнување.

(3) Земјоделското земјиште во консолидационото подрачје кое е предмет на консолидација заедно со земјиштето под патната и каналската инфраструктура, како и природните неплодни земјишта во консолидационото подрачје претставуваат консолидациона маса.

Инструменти на консолидација

**Член 8**

(1) Окрупнувањето на земјоделското земјиште може да се врши преку:

- спроведување на постапка за консолидација со распределба на земјоделско земјиште внесено во консолидационата маса со промена на границите на катастарските парцели (во натамошниот текст: постапка за консолидација со распределба со промена на граници);

- спроведување на постапка за консолидација со распределба на земјоделско земјиште внесено во консолидационата маса без промена на границите на катастарските парцели (во натамошниот текст: постапка за консолидација со распределба без промена на граници) и

- спроведување на постапка за консолидација со размена на земјоделско земјиште меѓу сопствениците на земјиште во консолидационото подрачје (во натамошниот текст: консолидација со размена).

(2) Во постапката за консолидација, окрупнувањето на земјоделското земјиште може да се врши:

- без промена на обликот на земјишните парцели во консолидационото подрачје,

- со промена на обликот на земјишните парцели во консолидационото подрачје и

- реорганизација на земјишните парцели по локација, големина и форма.

(3) Постапката за консолидацијата согласно со ставот (1) алинеја 1 на овој член се спроведува доколку за начинот на распределба на земјоделско земјиште внесено во консолидационата маса се согласат најмалку 70% од сопствениците на земјоделските парцели во консолидационото подрачје кои поседуваат во сопственост најмалку 50% од површината во консолидационото подрачје.

(4) Постапка за консолидацијата согласно со ставот (1) алинеи 2 и 3 на овој член се спроведува со согласност на сите сопствениците на земјиштето.

Учесници во консолидација

**Член 9**

(1) Консолидацијата ја спроведува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство (во натамошниот текст: Министерството).

(2) За изработка на студија за оправданост на спроведување на постапка за консолидација како и за извршување на геодетски работи во функција на консолидацијата предвидени со овој закон кога постапката се спроведува по службена должност, Министерството ангажира трговец поединец - овластен геодет или трговско друштво за геодетски работи кое е запишано во Регистарот на вршители на работи во функција на консолидација.

(3) Во случај на консолидацијата која вклучува инфраструктурни инвестициони активности, постапката за консолидација Министерството ја спроведува во соработка со единиците на локалната самоуправа, водостопанските и јавните претпријатија кои имаат надлежност при изградба и одржување на инфраструктурни објекти во консолидационото подрачје.

(4) Министерството ја спроведува консолидацијата во соработка со сите сопственици на земјиште во консолидационото подрачје како учесници во постапката за консолидација.

Регистар на вршители на работи во функција на консолидација

**Член 9-а**

(1) Трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи за да можат да вршат работи од членот 9 став (2) од овој закон треба да се запишани во Регистарот на вршители на работи во функција на консолидација кој се води во Министерството (во натамошниот текст: Регистарот).

(2) Во Регистарот од ставот (1) на овој член можат да се запишат трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи кои покрај условите утврдени во Законот за катастар на недвижности, треба да имаат ангажирано со договор на неопределено или определено време:

- едно лице дипломиран градежен инженер со работно искуство во струката од најмалку три години,

- едно лице дипломиран агроном со работно искуство во струката од најмалку три години и

- едно лице дипломиран правник со работно искуство во струката од најмалку три години.

(3) Трговци поединци овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи за упис во Регистарот треба да достават барање до Министерството.

(4) Кон барањето од ставот (3) на овој член се доставува:

- доказ дека е регистриран во Централен регистар на Република Северна Македонија,

- доказ дека е лиценциран за вршење на работи од областа на геодетски работи и

- доказ дека ги исполнуваат условите од став (2) на овој член.

(5) Службеното лице од Министерството кое ја води постапката по службена должност прибавува доказ дека подносителот на барањето е регистриран во Централен регистар на Република Северна Македонија, во рок од три работни дена од денот на поднесувањето на барањето.

(6) Овластено службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараниот доказ од ставот (5) на овој член да го достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

(7) Министерството донесува решение за одобрување на барањето, односно одбивање на барањето во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

(8) Трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи за секоја промена на податоците во однос на исполнување на условите од став (2) алинеи 1, 2 и 3 на овој член, се должни во рок од 15 дена од денот на промената да поднесат барање до Министерството за промена на податоците во Регистарот.

(9) Трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи кои ќе престанат да ги исполнуваат условите од ставот (2) на овој член, кои нема да поднесат барање за промена во рокот утврден во ставот (8) на овој член и кои ќе поднесат барање за бришење од Регистарот, се бришат од Регистарот со решение на Министерството.

(10) Против решението за одбивање на барањето за упис во Регистарот и против решението за бришење од Регистарот, подносителот на барањето има право да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работни односи во втор степен.

(11) Формата и содржината на барањата од ставовите (3), (8) и (9) на овој член, како и потребната документација и начинот на водење на Регистарот ги пропишува министерот.

## II. ПОСТАПКА ЗА КОНСОЛИДАЦИЈА СО РАСПРЕДЕЛБА

Започнување на постапка на консолидација со распределба

### Член 10

(1) Министерството постапката за консолидација со распределба ја спроведува по службена должност или по барање на најмалку 70% од сопствениците на земјоделското земјиште на подрачјето на кое се предлага консолидација кои поседуваат во сопственост најмалку 50% од површината во консолидационото подрачје.

(2) Постапката за консолидација со распределба по службена должност или по барање се спроведува по претходно изготвена студија за оправданост на спроведување на постапка за консолидација во консолидационото подрачје.

(3) Студијата од ставот (2) на овој член особено содржи:

- генерален опис на консолидационо подрачје кој содржи социо - економски и демографски информации и географски карактеристики на консолидационото подрачје,

- податоци за правата на сопственост и другите стварни права во даденото консолидационото подрачје,

- структура на земјоделско производство,

- преглед на постојна инфраструктура со препораки за реорганизација или подобрување на инфраструктурата,

- идентификација на потребите и интересите на сопствениците на земјоделско земјиште во рамки на консолидационото подрачје,“.

- проценети трошоци на проектот за консолидација и

- препорака за спроведување на соодветен вид на постапка за консолидација.

(4) Постапката за консолидација со распределба може да се спроведува со промена на границите на катастарските парцели во консолидационото подрачје и без промена на границите на катастарските парцели во консолидационото подрачје.

Предлог за консолидација

### Член 11

(1) Постапката за консолидација со распределба по службена должност се спроведува кога земјоделското земјиште на подрачјето на една заокружена географска целина дефинирана со една или повеќе катастарски општини, или во одредени случаи, дел од катастарска општина е со неповолна земјишна структура на мали и фрагментирани земјишни парцели и кога согласно студијата од членот 10 од овој Закон придобивките кои се очекуваат од консолидацијата ги оправдуваат трошоците од процесот на окрупнување.

(2) Постапката за консолидација со распределба по службена должност се покренува врз основа на предлог за консолидација изготвен од Министерството врз основа на студијата од членот 10 од овој Закон.

(3) Предлогот од ставот (1) на овој член содржи:

1) причини поради кои се спроведува консолидацијата и анализа на трошоците на постапката за консолидација;

2) име на катастарската општина, површина во хектари и број на парцели, број на учесници во консолидацијата, просечна големина на парцелите на кои има право на приватна сопственост, просечен број на парцели по семејство, местоположба, број на парцели и површина на земјоделското земјиште во државна сопственост и на земјиштето под долгогодишни насади;

3) работи и мерки кои би се спровеле истовремено со консолидацијата и

4) податоци за планираните или вложените средства за инвестициски работи.

(4) Кон предлогот од ставот (1) на овој член се доставува и прегледен план со граници на консолидационото подрачје на кој е прикажана постојната положба на патната и каналската мрежа, долгогодишните насади и изградените објекти, како и скица за положбата на катастарските парцели пред консолидацијата и индикативна положба по консолидацијата.

(5) Предлогот од ставот (1) на овој член се доставува до Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Владата).

Барање за консолидација

**Член 12**

(1) Кога постапката за консолидација со распределба се спроведува врз основа на барање, барањето заедно со студијата од членот 10 од овој Закон се поднесува до Министерството.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член треба да ги содржи податоците од членот 11 став (3) од овој закон.

(3) Врз основа на барањето од ставот (2) на овој член Министерството доставува предлог за консолидација до Владата.

Одлука за консолидација

**Член 13**

(1) По однос на предлогот за консолидација од членовите 11 и 12 од овој закон Владата донесува одлука за спроведува на постапка за консолидација.

(2) Владата донесува одлука за неспроведување на постапка за конслолидација во случај кога:

- не се обезбедени средства за покривање на трошоците на постапката за консолидација,

- трошоците за постапката се несразмерно поголеми во однос на придобивките кои се очекуваат од консолидацијата согласно со целите од членот 5 од овој закон и

- ако се предлага консолидација без преземање хидромелиоративни мерки на подрачје на кое без наводнување или одводнување не може да се очекуваат подобри услови за земјоделско производство.

Содржина на одлуката

**Член 14**

(1) Одлуката за спроведување на постапка за консолидација со распределба особено содржи: граници на консолидационото подрачје, податоци за катастарските парцели кои влегуваат во консолидационото подрачје, извори и услови за обезбедување на финансиски средства за спроведување на постапката за консолидација, трошоци за спроведување на консолидацијата и трошоци за инвестициони вложувања кои се во непосредна врска со спроведувањето на постапката за консолидација.

(2) Одлуката од ставот (1) на овој член, освен во „Службен весник на Република Северна Македонија“, се објавува и во најмалку на половина страна во два дневни весници што излегуваат во Република Северна Македонија.

(3) Одлуката од ставот (1) на овој член може да се изменува или дополнува во текот на постапката за консолидација, особено доколку настанат промени во Јавната книга на недвижности во однос на титуларот и катастарските податоци за земјиштето опфатено со одлуката.

Тела на консолидација

**Член 15**

(1) По влегувањето во сила на одлуката за спроведување на постапка за консолидација со распределба Министерството свикува собир на учесниците во консолидацијата. Учесникот во постапката за консолидација во случај на спреченост, болест или отсуство може да овласти друго физичко лице да учествува во постапката за консолидација во негово име со доставување до Министерството на овластување на полномошно во писмена форма заверено

на нотар.

(2) За времето и местото на одржувањето на собирот, Министерството ги известува сите учесници во постапката со јавна објава објавена согласно Законот за општата управна постапка.

(3) На собирот од ставот (1) на овој член се формира собрание на учесници во консолидацијата.

(4) Собранието го сочинуваат сите учесници во консолидацијата.

(5) Министерството со решение назначува претставник во собранието и негов заменик. Кога во консолидационото подрачје има земјиште во државна сопственост, претставникот на Министерството ја застапува Република Северна Македонија во Собранието на учесници.

(6) Претставникот од ставот (5) на овој член има должност да обезбеди распределба на државното земјоделско земјиште во рамките на консолидационото подрачје согласно вредноста на истото намалена за одбитоците за инвестициски работи.

(7) Со собранието претседава и раководи претставникот на Министерството, а во случај на негово отсуство со собранието претседава и раководи неговиот заменик.

(8) Одлуките ги донесува собранието со мнозинство гласови од вкупниот број на учесници во консолидацијата.

(9) За присутноста, дневниот ред, гласањето и донесените заклучоци и одлуки на собранието претседавачот води записник кој го потпишуваат сите присутни членови на собранието.

(10) Заклучоците и одлуките на собранието ги потпишува претставникот од Министерството кој претседава и раководи со собранието и истите се архивираат во архивата на Министерството.

(11) Собранието на предлог на Министерството формира одбор на учесници во консолидацијата како тело за координација на Комисијата за спроведување на постапка за консолидација.

Надлежност на собранието на учесници

**Член 16**

(1) Собранието на учесници особено расправа и донесува заклучоци по однос на:

- начинот на распределбата и можностите за плаќање на трошоците за консолидацијата,
- условите и начинот на изведување на инвестиционите работи,
- висината, условите и начинот на надоместувањето на трошоците за консолидација и трошоците за инвестициони вложувања,
- ориентационо распоредување на земјиштето во подрачјето каде што се спроведува консолидацијата,
- земјиштето за општите и заедничките потреби на учесниците во консолидацијата, како и
- други прашања кои се во врска со консолидацијата.

(2) Собранието на учесници освен надлежностите од став (1) на овој член, има надлежност да донесува и одлуки за:

- формирање на одбор на учесници во консолидацијата;
- избор на овластен проценител и на трговец поединец и трговско друштво за геодетски работи кога постапката за консолидација е започната по барање и
- усвојување на предлогот за распределба на земјиштето.

Тек на постапка за консолидација

**Член 17**

(1) По формирањето на телото од членот 15 став (11) од овој Закон, Министерството формира Комисија за спроведување на постапка за консолидација (во понатамошниот текст: Комисијата).

(2) Комисијата од ставот (1) на овој член е составена од претседател и два члена. Претседателот и членовите се административни службеници вработени во Министерството со работно искуство од најмалку три години во областа на управување со земјоделско земјиште.

(3) Комисијата од ставот (1) на овој член ги врши следниве работи:

- организира јавен увид кога тоа е предвидено со овој закон,
- разгледува забелешки од учениците во консолидацијата,
- изготвува и доставува предлог за донесување на решение за распределба до Министерството и
- врши надзор врз спроведувањето на процесот на консолидација со распределба.

(4) Министерството како заинтересирана странка, по предлог на Комисијата, може да бара да се изврши премер на земјоделското земјиште во консолидационото подрачје кое е со незапишани права и да поднесе пријава за упис на незапишаните права врз основа на елаборат или друг правен основ, со цел запишување на правото на сопственост во катастарот на недвижностите.

Процена на вредноста на земјиштето

**Член 18**

(1) По формирање на Комисијата од членот 17 од овој Закон се пристапува кон процена на вредноста на земјишните парцели во консолидационата маса.

(2) Консолидационата маса е предмет на процена на вредноста на земјишните парцели по сопственик. Консолидационата маса во текот на постапката за консолидација со промена на границите се проценува два пати и тоа прв пат на постоечката состојба и втор пат во новата состојба прикажана во нацрт предлог планот за распределба.

(3) Процената на вредноста на земјиштето од консолидационото подрачје ја врши овластен проценител согласно Методологијата за процена на вредноста на средствата во земјоделството донесена согласно Законот за процена.

(4) Додадената вредност на земјиштето во консолидационото подрачје добиена со мерки за заштита, зголемување на плодноста, подобрување на квалитетот на земјоделското земјиште, уредување на земјоделското земјиште или инвестиции во основни средства, во повеќегодишни насади или друг тип на инвестиции ја утврдува овластен проценител согласно Методологијата од ставот (3) на овој член.

(5) При изработката на нацрт предлог планот за распределба проценетата вредност согласно ставот (3) на овој член без проценетата додадена вредност согласно ставот (4) на овој член, се смета за проценета вредност на поединечната катастарска парцела.

(6) Учесник во постапката за консолидација може да се стекне со сопственост на земјоделско земјиште со додадена вредност само со изречна негова согласност и согласност на учесникот во постапката кој е сопственик на земјиштето со додадена вредност дадени на нотар најдоцна до усвојување на планот за распределба.

(7) Учесникот во постапката за консолидација кој согласно решението за распределба се стекнал со сопственост на земјиште со додадена вредност, должен е на претходниот сопственик да му ја плати проценетата додадена вредност.

(8) Учесникот во постапката кој треба да ја плати проценета додадена вредност согласно ставот (7) на овој член, не може да се стекне со владение врз земјиштето пред плаќањето на целокупниот износ на проценетата додадена вредност.

Окрупнување на земјоделско земјиште во државна сопственост во консолидационата маса

**Член 19**

(1) Секоја новоформирана катастарска парцела на земјоделско земјиште во државна сопственост во постапката за консолидација со распределба со промена на границите може да биде искористена за окрупнување на новоформирана катастарска парцела во приватна сопственост со површина од најмалку 20% од површината на новоформирана катастарска парцела на земјоделско земјиште во државна сопственост.

(2) Окрупнувањето согласно со ставот (3) на овој член се врши со давање во закуп на катастарска парцела на земјоделско земјиште во државна сопственост на сопственикот на ноформирана катастарска парцела во приватна сопственост која граничи со новоформирана катастарска парцела на земјоделско земјиште во државна сопственост.

(3) Доколку постојат повеќе сопственици кои ги исполнуваат условите од ставот (2) на овој член предност има најмладиот сопственик.

(4) Начинот на окрупнување согласно со ставовите (1), (2) и (3) на овој член се прикажува во предлогот за распределба на земјиштето на консолидационата маса од членот 23 од овој

закон.

(5) Во постапката за консолидација со распределба без промена на границите, земјоделското земјиште во државна сопственост по завршување на постапката не треба да биде со помала вредност од вредноста на земјиштето внесено во консолидационата маса.

(6) Доколку во консолидационото подрачје постои земјоделско земјиште во државна сопственост издадено под закуп, на закупецот на земјоделското земјиште во државна сопственост кое е предмет на распределба му се доделува во закуп земјоделско земјиште во државна сопственост во консолидационото подрачје со иста вредност или му се дава соодветен надомест на штета проценета од страна на овластен проценител доколку нема земјоделско земјиште во државна сопственост во консолидационото подрачје со иста вредност кое може да му се додели во закуп.

(7) Доколку закупецот при спроведување на договорот за закуп на земјоделското земјиште во државна сопственост создал дадедена вредност на земјиштето од ставот (6) на овој член, на закупецот му следува надомест на создадената дадедена вредност.

(8) Надоместокот од став (7) на овој член должен е да го плати учесникот во постапката кој согласно решението за распределба се стекнал со сопственост на тоа земјиште во рок од пет дена од денот на уписот на правото на сопственост во јавната книга на недвижности.

(9) Учесникот во постапката кој треба да го плати надоместокот согласно ставот (8) од овој член, не може да се стекне со владение врз земјиштето пред плаќањето на целокупниот износ на надоместокот.

Јавен увид

**Член 20**

(1) По завршување на процената на вредноста на земјиштето од консолидационото подрачје Комисијата организира јавен увид на податоците од процената.

(2) За времето и местото на одржување на јавниот увид Комисијата ги известува учесниците во постапката со доставување на известување до секој учесник во постапката односно негов полномошник или повереник.

(3) Учесниците во консолидацијата за времетраењето на јавниот увид може да доставaт забелешки до Комисијата.

(4) Забелешките на учесниците во консолидацијата ги разгледува Комисијата.

(5) По барање на учесник во консолидацијата постапката за процена за поединечна земјишна парцела може да биде предмет на повторна процена во присуство на сопственикот, по што за измените се информираат засегнатите страни.

Именување на повереник во постапка на консолидација со распределба со промена на граници

**Член 21**

(1) Министерството во постапка на консолидација со распределба со промена на граници по предлог на едно од лицата кој согласно Законот за наследување може да бидат наследници од прв наследен ред на имотот на починато лице на кое се води земјоделско земјиште во консолидационо подрачје (во натамошниот текст: овластени предлагачи), со решение именува повереник.

(2) За повереник согласно ставот (1) на овој член може да биде именуван кој било полнолетен наследник од прв наследен ред на имотот на починато лице на кое се води земјоделско земјиште во консолидационо подрачје и на кој не му е одземена или ограничена деловната способност.

(3) Доколку предлог за именување на повереник поднесат повеќе овластени лица, за различен повереник, Министерството го именува повереникот по доставување на спогодба за именување на повереник заверена на нотар постигната помеѓу лицата кои го доставиле предлогот.

(4) Министерството, со решение ќе го укине решението за именување на повереник доколку во текот на постапката некој од овластените предлагачи достави нов предлог за именување на повереник. Новиот повереник се именува во постапка согласно ставот (3) на овој член. Министерството, со решение ќе го укине решението за именување на повереник и кога во текот на постапката за консолидација со распределба во оставинската постапка ќе бидат прогласени наследниците на имотот на починатото лице.

(5) Предлогот од ставот (1) на овој член содржи лични податоци (име и презиме, адреса на живеење, број на лична карта и сродство со починатото лице) за предлагачот како и за лицето кое се предлага за повереник. Кон предлогот за именување на повереник, наследникот доставува смртовница или извод од матична книга на умрените за починатото лице во кој е содржан податок за сродството за предлагачот и за лицето кое се предлага за повереник.

(6) По исклучок од ставот (1) на овој член, кога до почетокот на јавниот увид од членот 20 од овој Закон нема да биде доставен предлог за именување на повереник од овластен предлагач, како и кога не може да се утврди носителот на правото на сопственост, живеалиштето или престојувалиштето на носителот на правото на сопственост е непознато, носителот на правото на сопственост или неговиот законски застапник во Република Северна Македонија се наоѓаат во странство, а истите немаат назначено полномошник, Министерството по службена должност со решение именува повереник.

(7) За повереник согласно ставот (6) на овој член може да биде именуван административен службеник вработен во Министерството со работно искуство од најмалку три години во областа на управување со земјоделско земјиште.

(8) Повереникот именуван согласно ставовите (1) и (6) на овој член е овластен да ги штити интересите на овластените предлагачи во постапката за консолидација до завршување на оставинската постапка и на носителите на правото на сопственост и во нивно име и за нивна сметка да ги презема сите правни дејствија согласно овој закон кој може да ги презема секој учесник во постапката.

(9) Министерството ќе го укине решението за именување на повереник доколку во текот на постапката престанат причините за негово именување од ставот (6) на овој член.

Општи и заеднички потреби

**Член 22**

(1) За општи и заеднички потреби на консолидацијата, односно за изградба на патна инфраструктура и мрежа за наводнување, во случај доколку во консолидационата маса нема земјоделско земјиште во државна сопственост, учесниците отстапуваат најмногу до 5% од вредноста на земјиштето со кое учествуваат во консолидационата маса.

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член на сите учесници во консолидацијата сразмерно им се намалува вредноста на земјиштето кое го добиваат од консолидационата маса.

Нацрт предлог план за распределба

**Член 23**

(1) По завршување на јавниот увид од членот 20 од овој Закон, Комисијата во соработка со избраниот трговец поединец овластен геодет или трговско друштво за геодетски работи согласно членот 9-а од овој Закон, подготвува нацрт предлог план за распределба на земјиштето на консолидационата маса.

(2) Нацрт предлог планот за распределба на земјиштето на консолидационата маса во постапка за распределба со промена на границите се подготвува во насока на нова состојба на земјишните парцели која во однос на земјиштето што е внесено во консолидационата маса треба да овозможи:

- поголемо групирање на фрагментираните земјишни парцели со поправилна форма,

- што поеднаква вкупна вредност на земјиштето во однос на вредноста на внесеното земјиште во консолидационата маса или зголемена вредност по учесник и

- приближно еднакви услови за пристап до инвестициските вложувања.

(3) Нацрт предлог планот за распределба од ставот (2) на овој член ја утврдува приближната форма и положба на новите парцели распределени по корисници, имајќи ги предвид целите на консолидацијата и предлозите на учесниците во консолидацијата.

(4) Нацрт предлог планот за распределба од ставот (2) на овој член особено содржи:

- граници на консолидационото подрачје на кој е прикажана постојната положба на патната и каналската мрежа за наводнување и одводнување, други инвестициски вложувања, долгогодишните насади и изградените објекти, како и катастарски план за положбата на катастарските парцели пред консолидацијата,

- лични податоци за учесникот, број на катастарските парцели пред и после завршување на постапката за консолидација, површина и вредност на секоја парцела пред и после завршување на постапката за консолидација и други податоци важни за консолидацијата на

земјиштето (запишани други стварни права како хипотеки, реални товари, службености, како и запишани ограничувања и прибележувања на факти од влијание за катастарските парцели),

- граници на консолидационото подрачје на кој е прикажана положба на патната и каналската мрежа за наводнување и одводнување по завршување на постапката за консолидација, други инвестициски вложувања долгогодишните насади и изградените објекти, нова состојба на распоредените парцели после завршување на постапката за консолидација и

- финансиска пресметка за инвестициските вложувања.

(5) Нацрт предлог планот за распределба на земјиштето во консолидационата маса во постапка за распределба без промена на границите се подготвува во насока на постигнување на нова состојба на земјишните парцели која во однос на земјиштето што е внесено во консолидационата маса треба да овозможи поголемо групирање на фрагментираните земјишни парцели.

(6) Нацрт предлог планот за распределба од ставот (5) на овој член особено содржи:

- граници на консолидационото подрачје и катастарски план за положбата на катастарските парцели пред консолидацијата,

- граници на консолидационото подрачје на кој е прикажана постојната положба на патната и каналската мрежа за наводнување и одводнување, други инвестициски вложувања, долгогодишните насади и изградените објекти, како и катастарски план за положбата на катастарските парцели пред консолидацијата,

- лични податоци за учесникот, број на катастарските парцели пред и по завршување на постапката за консолидација, површина и вредност на секоја парцела пред и по завршување на постапката за консолидација и други податоци важни за консолидацијата на земјиштето (запишани други стварни права како хипотеки, реални товари, службености, како и запишани ограничувања и прибележувања на факти од влијание за катастарските парцели) и

- нова состојба на распоредените парцели после завршување на постапката за консолидација.

(7) При подготовката, нацрт предлог планот за распределба на земјиштето во консолидационата маса се усогласува со учесниците во консолидацијата преку непосредни консултации.

Процент од консолидационата маса

**Член 24**

(1) Вкупната вредност на земјиштето кое сопственикот го добива од консолидационата маса во постапка за консолидација со распределба со промена на границите не може да биде помала од 95% ни поголема од 105% од вкупната вредност на земјиштето што го внел во консолидационата маса во постапка за консолидација со распределба со промена на границите, намалено за одбитоците за општите и задничките потреби и за трошоците на постапката за консолидација.

(2) Вкупната вредност на земјиштето кое го добива сопственик застапувано од повереник именуван согласно член 21 од овој закон и сопственик на земјиште врз кое има воспоставено хипотека, во постапка за консолидација со распределба изнесува 100% од вкупната вредност на земјиштето што го внел во консолидационата маса.

(3) По исклучок од став (1) на овој член, доколку учесникот на консолидацијата се согласи да добие од консолидационата маса земјиште од поголема или помала вредност од внесената, намалено за износот на одбитоците за општи и заеднички потреби, разликата во вредноста парично се уплатува во, односно исплатува од посебната сметка од членот 32 став (5) од овој закон.

(4) Разликата во вредноста од ставот (3) на овој член се утврдува со решението за распределба на консолидационата маса.

(5) Ако заради скратување на патната и каналската мрежа и на други објекти во општа употреба се зголеми вкупната површина на земјиштето во консолидационата маса, вишокот на површината на земјиштето врз основа на овој закон станува државна сопственост.

**Член 25 е избришан.**

Усвојување на предлог план за распределба на земјиштето

**Член 26**

(1) Нацрт предлог планот за распределба на земјиштето Комисијата го става на јавен увид во времетраење од 15 дена во катастарската општина каде што се врши консолидацијата.

(2) За времето и местото на одржувањето на јавниот увид Комисијата ги известува сите учесници во постапката со доставување на известување по пошта со препорачана пратка и со обезбедување на доказ дека поканата е уредно примена од секој учесник во постапката или од негов полномошник или повереник.

(3) Учесникот во консолидацијата може најдоцна до завршување на јавниот увид да стави забелешка до Комисијата. Комисијата по однос на забелешките се произнесува во предлогот за донесување на решение за распределба.

(4) По завршување на јавниот увид Комисијата и избраниот трговец поединец овластен геодет или трговско друштво за геодетски работи согласно член 9-а од овој закон, подготвуваат предлог план за распределба на земјиштето на консолидационата маса и го доставуваат на разгледување и усвојување до собранието на учесници.

(5) Собранието на учесници во постапка за консолидација со распределба со промена на границите го усвојува предлог планот за распределба на земјиштето со мнозинство од најмалку 70% гласови од вкупниот број на членови на собранието кои поседуваат во сопственост најмалку 50% од површината во консолидационото подрачје.

(6) Собранието на учесници го усвојува предлог планот за распределба на земјиштето во постапка со распределба без промена на границите со согласност на сите учесници кај кои се предвидени промени во однос на сопственоста со предлог планот за распределба.

(7) По усвојувањето на предлог планот од ставовите (5) и (6) на овој член, Комисијата обезбедува изјави за согласност со планот за распределба од брачните другари на учесниците во постапката кои не се застапувани од повереник именуван согласно овој закон.

(8) По усвојување на предлог планот од ставот (5) на овој член се забранува располагање со недвижностите кои се предмет на постапката за консолидација во постапка со распределба со промена на границите од страна на сопствениците.

(9) По усвојување на предлог планот за распределба од ставот (5) на овој член, Министерството во рок од три дена по службена должност без надоместок до Агенцијата за катастар на недвижности ја доставува по електронски пат одлуката за започнување на постапката за консолидација, заради прибележување на забрана за располагање со недвижностите предмет на одлуката.

Решение за распределба на консолидационата маса во постапка за консолидација со промена на границите

**Член 27**

(1) По усвојувањето на предлог планот за распределба на земјиштето од страна на собранието на учесници, трговецот поединец овластен геодет или трговското друштво за геодетски работи врз основа на податоците од предлог планот за распределба на земјиштето, најдоцна во рок од четири месеци изработува геодетски елаборат за посебни намени за консолидацијата, со сите потребни податоци за донесување на решение за распределба на земјиштето од консолидационата маса. Трговецот поединец овластен геодет или трговското друштво за геодетски работи при изготвување на геодетскиот елаборат е должен да ги користи податоците од катастарот на недвижности. Геодетскиот елаборат се доставува до Агенцијата за катастар на недвижности на заверка, одобрување и спроведување.

(2) Трговецот поединец овластен геодет или трговското друштво за геодетски работи во геодетскиот елаборат од ставот (1) на овој член земјиштето во консолидационата маса го евидентира под култура земјоделско земјиштето и земјиште под инфраструктура согласно податоците од планот за распределба на земјиштето.

(3) Врз основа на податоците од геодетскиот елаборат од ставот (1) на овој член Комисијата во рок од 30 дена до Министерството доставува предлог за донесување на решение за распределба на консолидационата маса.

(4) Министерството донесува решение за распределба на консолидационата маса најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на предлогот од ставот (3) на овој член.

(5) Решението од ставот (4) на овој член особено содржи:

- име, презиме, ЕМБГ и место на живеење, односно назив, ЕМБС и седиште на учесникот на консолидацијата,

- податоци за сите недвижности кои секој учесник ги внел во консолидационата маса и кои ги има на консолидационото подрачје (број на парцели, култура, класа, површина и друго) со податоци за утврдена вредност на земјиштето и објектите, како и податоците за запишаните

прибележувања,

- податоци за престанување на правото на сопственост, односно правото на користење, управување или располагање на недвижности кои се внесени во консолидационата маса, како и правата и обврските кои останувaат или кои се бришат,

- податоци за бришење/востановување на службености, товари и други ограничувања, како и податоци за пренесување на заложните права засновани на земјоделско земјиште при распределба на консолидациона маса,

- податоци за недвижностите кои се доделуваат и на кои учесникот во консолидацијата стекнува право на сопственост и податоци за заложни права кои се пренесуваат врз недвижноста и

- висината на надоместокот за разликата во вредноста на земјиштето внесено и добиено од консолидационата маса.

(6) Против решението за распределба на консолидационата маса секој учесник може да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(7) Формата и содржината на геодетскиот елаборат за консолидација од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот по претходно позитивно мислење на Агенцијата за катастар на недвижности.

Решение за распределба на консолидационата маса во постапка за консолидација без промена на границите

**Член 27-а**

(1) Врз основа на податоците од усвоениот предлог план за распределба на земјиштето, Комисијата во рок од 30 дена до Министерството доставува предлог за донесување на решение за распределба на консолидационата маса.

(2) Министерството донесува решение за распределба на консолидационата маса најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на предлогот од ставот (1) на овој член.

(3) Решението од ставот (2) на овој член особено содржи:

- име, презиме, ЕМБГ и место на живеење, односно назив, ЕМБС и седиште на учесникот на консолидацијата кај кој има промени во сопственоста,

- податоци за сите недвижности кои секој учесник кај кој има промени во сопственоста ги внел во консолидационата маса (број на парцели, култура, класа, површина и друго) со податоци за утврдена вредност на земјиштето и објектите, како и податоците за запишаните прибележувања,

- податоци за престанување на правото на сопственост, односно правото на користење, управување или располагање на недвижности кои се внесени во консолидационата маса кај учесник кај кој има промени во сопственоста, како и правата и обврските кои останувaат или кои се бришат и

- податоци за бришење/востановување на службености, товари и други ограничувања, како и податоци за пренесување на заложните права засновани на земјоделско земјиште при распределба на консолидациона маса и податоци за недвижностите кои се доделуваат и на кои учесникот во консолидацијата стекнува право на сопствености податоци за заложни права кои се пренесуваат врз недвижноста.

(4) Против решението за распределба на консолидационата маса жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен може да изјави секој учесник кај кој има промени во сопственоста.

Правна сила на решението за распределба на консолидационата маса

**Член 28**

(1) По правосилноста на решението за распределба на консолидационата маса, а најдоцна во рок од шест месеци, секој учесник е должен да му го предаде владението на земјиштето кое го владеел до правосилноста на решението за распределба на консолидационата маса, на новиот сопственик. Доколку учесникот во консолидацијата не го предаде владението по истекот на рокот од шест месеци, должен е да му ја надомести целокупната штета (обична и испуштена корист) на новиот сопственик од моментот на истекокот на рокот за предавање во владение до предавањето во владението.

(2) Правосилното решение за распределба на консолидационата маса во постапка за консолидација со распределба со промена на граници заедно со геодетскиот елаборат за посебни намени за консолидацијата претставуваат основ за запишување на правото на сопственост во Јавната книга на недвижности што се води во Агенцијата за катастар на недвижности.

(3) Правосилното решение за распределба на консолидационата маса во постапка за консолидација со распределба без промена на граници претставува основ за запишување на правото на сопственост во Јавната книга на недвижности што се води во Агенцијата за катастар на недвижности.

(4) Решенијата од ставовите (2) и (3) на овој член, заедно со податоците за утврдена вредност на земјиштето и објектите, Министерството по службена должност без надоместок ги доставува до Агенцијата за катастар на недвижности по електронски пат заради запишување во катастарот на недвижности.

(5) Агенцијата за катастар на недвижности е должна решенијата од ставовите (2) и (3) на овој член да ги спроведе најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на решенијата, а при спроведување на решенијата да ја избрише прибелешката од членот 26 став (9) од овој закон.

(6) По спроведувањето на решението согласно став (4) на овој член трговецот поединец овластен геодет односно трговското друштво за геодетски работи во рок од 30 дена врши обележување на катастарските парцели.

Управување со инфраструктура

**Член 29**

Објектите за наводнување, патната или друга инфраструктура се предаваат на органите и институциите надлежни за нивно користење, управување и располагање.

Службености, товари и ограничувања врз земјиштето

**Член 30**

(1) Постојните службености, товари и други ограничувања врз земјиштето по распределбата на консолидационата маса на учесниците во постапка за консолидација со распределба со промена на границите се бришат.

(2) Службености, товари и ограничувања врз земјиштето кои постоеле до распределбата на консолидационата маса можат да се востановат ако тоа е потребно со оглед на новата распределба на земјиштето од консолидационата маса во постапка согласно законот со кој биле востановени.

(3) Заложните права засновани врз земјоделското земјиште кое влегува во консолидациона маса, со решението за распределба на консолидационата маса се пренесуваат и остваруваат врз земјоделското земјиште кое заложниот должник како учесник во постапката за консолидација со распределба го добил во сопственост.

(4) Реализацијата на заложни права запишани согласно ставот (3) од овој Закон се врши врз основа на договор или друга извршна исправа со кој биле истите воспоставени врз земјоделското земјиште кое било предмет на распределба во постапката за консолидација.

Последици од окрупнувањето

**Член 31**

Земјоделското земјиште во подрачјето на кое е извршено окрупнување не може да биде предмет на физичка делба меѓу сосопственици, односно заеднички сопственици.

Трошоци на постапката

**Член 32**

(1) Под трошоци на постапката за консолидација со распределба, во смисла на овој закон, се подразбираат трошоците за спроведување на консолидацијата работа на комисиите и утврдување на вредноста на земјиштето, распределба на земјиштето и други трошоци поврзани со работата на органите на консолидација и трошоците за изведување на

геодетските работи.

(2) Трошоците од ставот (1) на овој член може да бидат предмет на финансиска поддршка согласно со програмите и постапките утврдени со Законот за земјоделство и рурален развој.

(3) Доколку трошоците од ставот (1) на овој член не се предмет на поддршка согласно со ставот (2) на овој член, истите се на товар на учесниците во постапката за консолидација сразмерно на вредноста на земјиштето кое го внесуваат во консолидационата маса доколку постапката за консолидација се покренува по поднесено барање, односно на товар на Буџетот на Република Северна Македонија, доколку постапката се покренува по службена должност.

(4) Учесниците во консолидацијата трошоците за консолидација можат да ги платат како паричен износ во висина од 10% од вредноста на земјиштето кое го внесуваат во консолидационата маса или како отстапување на 10% од површината на земјиштето како надоместок за трошоците за консолидацијата.

(5) Паричните средства од ставот (4) на овој член се уплатуваат на посебна сметка на Министерството и истите можат да се употребуваат исклучиво за потребите на постапката за консолидација.

(6) Отстапената површина на земјиштето на име надоместок на трошоци за постапката за консолидација ќе се користи при распределбата на консолидационата маса. Доколку по распределбата на консолидационата маса ќе остане неискористена површина која била отстапена на име надоместок на трошоци, истата станува државна сопственост за што Министерството го уплаќа на сметката од ставот (4) на овој член соодветниот износ на проценетата вредносот на земјиштето во постапката за консолидација.

(7) Надоместокот за трошоците учесниците во постапката го плаќаат најдоцна во рок од 30 дена по основањето на собранието на учесници во постапката.

(8) Неискористените средства за трошоци на постапката, по завршувањето на постапката за консолидација, се распределуваат на сите учесници сразмерно на уплатениот износ.

## III. ПОСТАПКА ЗА КОНСОЛИДАЦИЈА СО РАЗМЕНА

Започнување на постапка за консолидација на земјоделско земјиште со размена

### Член 33

(1) Министерството по барање на десет или повеќе сопственици на земјоделско земјиште во една или повеќе соседни катастарски општини или по службена должност кога земјоделското земјиште на подрачјето на една заокружена географска целина дефинирана со една или повеќе катастарски општини, или во одредени случаи дел од катастарска општина е со неповолна земјишна структура на мали и фрагментирани земјишни парцели, спроведува постапка за консолидација на земјоделско земјиште со размена.

(2) Постапката за консолидација од ставот (1) на овој член започната по поднесено барање, опфаќа обезбедување на советодавна помош од Министерството за постигнување правична спогодба за размена на земјоделското земјиште меѓу подносителите на барањето, како и посредување со Агенцијата за катастар на недвижности, единицата на локалната самоуправа во поглед на обезбедување на катстарски податоци и запишувања во јавната книга на недвижности и Управата за јавни приходи.

(3) Доколку постапката за консолидација на земјоделско земјиште се спроведува по службена должност, истата опфаќа советодавна помош од Министерството за сопствениците на земјишни парцели во една или повеќе катастарски општини за оправданоста и потребата од окрупнување на земјоделското земјиште, како и советодавна помош за постигнување на правична спогодба за размена на земјоделското земјиште меѓу сопствениците на земјоделско земјиште учесници во постапка за консолидација и посредување со Агенцијата за катастар на недвижности, единицата на локалната самоуправа и Управата за јавни приходи.

(4) Кон барањето од ставот (1) на овој член се доставува документација за земјоделското земјиште предмет на постапката за консолидација и докази за сопственост (имотен лист) и скици на местоположбата на земјоделското земјиште предмет на постапката.

(5) Начинот на давање на советодавна помош и начинот на посредување од ставовите (2) и (3) на овој член, формата и содржината на образецот на барањето од ставот (2) на овој член, како и потребната документација ги пропишува министерот.

Постапка за консолидација со размена на земјоделско земјиште со учество на земјиште во државна сопственост

**Член 34**

(1) Доколку во постапката за консолидација спроведена согласно со членот 33 од овој закон, предмет на размена е и земјоделско земјиште во државна сопственост, размената на земјоделското земјиште во државна сопственост со земјоделското земјиште во приватна сопственост се спроведува со склучување на договор во постапка спроведена согласно со Законот за земјоделското земјиште.

(2) Размената на земјоделското земјиште во државна сопственост со земјоделското земјиште во приватна сопственост во постапка спроведена согласно со ставот (1) на овој член, може да се изврши и без да биде исполнет условот од членот 16 став (3) од Законот за земјоделското земјиште.

(3) Доколку размената на земјоделското земјиште во државна сопственост со земјоделското земјиште во приватна сопственост се спроведува согласно со ставовите (1) и (2) на овој член Министерството, по службена должност, утврдува дали размената е произлезена од претходно спроведена постапка за консолидација согласно со членот 33 од овој закон.

(4) Површината на земјоделското земјиште во приватна сопственост која е предмет на размена во постапка согласно со овој член треба да е идентична или поголема од површината на земјоделското земјиште во државна сопственост.

(5) Агенцијата за катастар на недвижности е должна во рок од 30 дена од приемот на договорот за размена да изврши измена на податоците за катастарските парцели согласно со договорот.

Трошоци на постапка за консолидација со размена

**Член 35**

(1) Под трошоци на постапката за консолидација со размена, во смисла на овој закон, се подразбираат трошоците за спроведување на консолидацијата трошоци за утврдување на вредноста на земјиштето, изведување на геодетските работи, склучување и заверка на договори, трошоци за запишување на промените на сопственоста во јавната книга на недвижности и други трошоци поврзани со работата на органите на консолидација.

(2) Трошоците од ставот (1) на овој член може да бидат предмет на финансиска поддршка согласно со програмите од Законот за земјоделство и рурален развој на начин и постапка уредени со тој закон.

(3) Доколку трошоците од ставот (1) на овој член не се предмет на поддршка согласно со ставот (2) на овој член, истите се на товар на учесниците во постапката за консолидација, доколку постапката за консолидација се покренува по поднесено барање, односно на товар на Република Северна Македонија доколку постапката се покренува по службена должност.

## IV. БАЗА НА ПОДАТОЦИ

Воспоставување на база на податоци

**Член 36**

(1) Министерството воспоставува база на податоци.

(2) Во базата на податоци се евидентира:

- земјоделско земјиште во државна сопственост внесено во консолидационата маса,
- земјоделско земјиште во приватна сопственост откупено од Министерството во постапки за консолидација или во постапки со искористување на право на првенствено купување на земјоделско земјиште,
- приватно земјиштето внесено во консолидационата маса и
- земјоделско земјиште наменето за општи и заеднички потреби на земјоделските стопанства.

Управување со земјиштето евидентирано во базата на податоци

**Член 37**

(1) Министерството со земјоделското земјиште евидентирано во базата на податоци управува на начин кој овозможува негово најефикасно искористување во функција на окрупнување на

земјоделското земјиште или ставање во функција на земјоделско производство на необработено земјиште.

(2) За остварување на целите од ставот (1) на овој член Министерството:

- дава согласност за распределба на земјоделско земјиште во државна сопственост внесено во консолидациона маса согласно со предлогот за распределба на консолидационата маса,

- го издава во закуп земјоделското земјиште во државна сопственост внесено во консолидациона маса согласно со предлогот за распределба на консолидационата маса,

- откупува земјоделско земјиште во приватна сопственост во постапки за консолидација согласно со предлогот за распределба на консолидациона маса и

- се грижи за наменско користење на земјоделското земјиште наменето за општи и заеднички потреби на земјоделските стопанства.

Согласност и закуп на земјоделско земјиште евидентирано во базата на податоци

**Член 38**

(1) Министерството дава согласност за распределба на земјоделско земјиште во државна сопственост внесено во консолидациона маса согласно со предлогот за распределба на консолидационата маса и откупува земјоделско земјиште во приватна сопственост во постапки за консолидација согласно со предлогот за распределба на консолидациона маса по претходна согласност на Владата.

(2) Министерството по претходна согласност на Владата со непосредна спогодба го дава во закуп земјоделското земјиште во државна сопственост внесено во консолидациона маса согласно со усвоениот предлог за распределба на консолидационата маса за период од 15 години и за закупнина во висина на просечната годишна закупнина во регионот за давање на земјоделско земјиште во државна сопственост под закуп постигната во последните три години.

(3) Министерството со анекс на договорот за закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост, кое било дел од постапка за консолидација, врши измена на податоците за земјоделското земјиште во договорот согласно со усвоениот предлог за распределба на консолидационата маса и доколку тоа го побара закупецот.

Постапка за евидентирање на земјоделско земјиште во базата на податоци

**Член 39**

За земјоделското земјиште од членот 36 став (2) од овој закон Министерството по службена должност обезбедува податоци и го евидентира во базата на податоци.

**V. НАДЗОР**

**Член 40**

(1) Инспекциски надзор на спроведување на овој закон и прописите донесени врз основа на него врши Државниот инспекторат за земјоделство.

(2) При вршење на инспекцискиот надзор од ставот (1) на овој член инспекторот презема мерки и овластувања согласно со Законот за Државниот инспекторат за земјоделство и Законот за инспекциски надзор.

**VI. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ**

**Член 41**

Глоба во износ од 250 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на службеното лице во Министерсвото кое било задолжено за постапување, ако Министерството не го донесе решението во рокот согласно со членот 27 став (2) од овој закон.

**Член 42**

Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на министерот, ако не го донесе решението во рокот согласно со членот 27 став (4) од овој закон.

**Член 43**

Глоба во износ од 250 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на службеното лице во Агенцијата за катастар на недвижности кое било задолжено за постапување, ако Агенцијата за катастар на недвижности:

- не постапи согласно со членот 28 став (3) од овој закон и
- не постапи согласно со членот 34 став (5) од овој закон.

**Член 43-а**

(1) Глоба во висина од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластено службено лице од Министерството ако не ги побара доказите по службена должност во рокот утврден во членот 9-а став (5) од овој Закон.

(2) Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од надлежниот јавен орган, ако не ги достави бараните докази во рокот утврден во членот 9-а став (6) од овој Закон.

**Член 43-б**

(1) За прекршоците предвидени во овој закон прекршочна постапка води ипрекршочна санкција изрекува надлежниот суд.

(2) Пред поднесување на барање за прекршочна постапка за прекршоци предвидени во овој закон, инспекторот води постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог согласно со Законот за прекршоците.

(3) Инспекторот е должен да води евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.

(4) Во евиденцијата од ставот (3) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следниве податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(5) Личните податоци од ставот (4) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

(6) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува министеротза земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Член 43-в**

(1) За прекршоците пропишани во членот 41, инспекторот со решение изрекува опомена и определува рок во кој субјектот на инспекциски надзор е должен да ги отстрани неправилностите и недостатоците, утврдени со записник.

(2) Решението од ставот (1) на овој член, се донесува веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на изготвувањето на записникот.

(3) Инспекторот е должен да води евиденција за изречените опомени.

(4) Формата и содржината на евиденцијата за изречените опомени ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Подзаконски акти

**Член 44**

Прописите утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Престанување на важење

**Член 45**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат членовите 16-а и 16-б од Законот за земјоделското земјиште ("Службен весник на Република Македонија" број 135/2007, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13 и 106/13).

Влегување во сила на законот

**Член 46**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

## ВАЖЕЧКИ ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ ОД НОВЕЛИТЕ НА ЗАКОНОТ

I. „Службен весник на Република Македонија" бр. 61/16

**Член 5**

Започнатите постапки за консолидација до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат согласно со овој закон.

II. „Службен весник на Република Македонија" бр. 83/18

**Член 28**

Започнатите постапки за консолидација до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат согласно со овој закон.

**Член 29**

Членот 9-а од овој Закон ќе отпочне да се применува по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

До отпочнувањето на примената на членот 9-а од овој Закон, изработка на студија за оправданост на спроведување на постапка за консолидација како и за извршување на геодетски работи во функција на консолидацијата можат да вршат трговците поединциовластени геодети и трговските друштва за геодетски работи кои ги исполнуваат условите за вршење на геодетски работи од Законот за катастар на недвижности.